ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 03/22



**21.02.2022 година**

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на стручен соработник од областа „Протетика" на Факултет за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје**

Наставно - научниот совет на Факултетот за стоматологија во состав на Европски универзитет Скопје, врз основа на конкурс објавен во дневниот весник "Вечер„ на ден 01.11.2021 година, на 161-та седницата одржана на ден 22.11.2021 година, донесе Одлука Бр. 02-1090/1 со која се формира Рецензентска комисија за избор на стручен соработник од областа „Протетика" во состав:

1. Проф. д-р Владо Ванковски, претседател;
2. Доц. д-р Катерина Василева Гешоска, член;
3. Доц. д-р Соња Вујасин,член.

На распишаниот конкурс за избор на стручен соработник од областа „Протетика" на Факултетот за стоматологија во состав на Европски универзитет Скопје, во предвидениот рок, уредна пријава поднесе кандидатот д-р Елена Радевска-Размовски, која во прилог ги достави потребните документи наведени во конкурот, и тоа:

- Пријава по конкурс;
- Професионална биографија – CV;
- Диплома за прв циклус на академски студии;
- Доказ за соодветно искуство;
- Доказ за познавање на странски јазик;
- Уверение за државјанство.

По разгледување на поднесената документација, за избор на стручен соработник од областа Протетика (30407 - Фраскатиева класификација), рецензентската комисија го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на стручен соработник од областа „Протетика" (30407 - Фраскатиева класификација) на Факултет за стоматологија на Европски универзитет Скопје, објавен во дневниот весник Вечер на ден 01.11.2021 година, се пријави само кандидатот д-р Елена Радевска - Размовски.

**Кандидат д-р Елена Радевска - Размовски**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

### *1.1. Биографски податоци, школување и начин на усовршување*

Д-р Елена Радевска Размовски е родена на20.12.1980 година во Битола. Средно образование завршила во гимназија „ЈосипБроз Тито“ во Битола, природо-математичка насока. Во2007 се стекнала со звање дипломиран доктор по стоматологија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Стоматолошки факултет Скопје. Истата година се стекнува со основна и работна лиценца. Втор циклус на студии запишува во 2009 година на Економски факултет, насока Здравствен и фармацевстки менаџмент при Европскиот Унивезитет Р.М. Во 2010 година се здобива со степен магистер на Економски науки. Во октомври 2015 година се запишува на специјализација од областа на Стоматолошка протетика. Во октомври 2018 се здобива со специјалистичка лиценца за работа.

Секоја година посетува симпозиуми и конгреси од разни области на стоматологијата за континуирана доедукација. Активно се служи со компјутер и тоа: Microsoft office (word, excel, power point), Internet Adobe Photoshop и графичкиот програм - Origin.

Од јазици активно ги познава англискиот јазик, а делумно германскиот јазик.
Има објавено неколку стручни трудови и активно зема учество на голем број конференции.

### *1.2. Прегледна анализа на професионалниот развој*

- Јули 2021 – Денес - ПЗУ „Проф. Д-р Бојо Андрески“- специјалист по стоматолошка протетика
- Февруари 2019 – Септември 2020 - ПЗУ „Омнидент“ , Стоматолог – протетичар
- Октомври 2014 – Јануари 2019 - Општ стоматолог во ПЗУ„Денталина Дуо“ – Скопје.
- Октомври 2010 – Септември 2013 - Асистент од областа Стоматолошка протетика и Медицинска статистика - Факултетот за стоматологија при ЕУРМ-Скопје.
- Октомври 2008 – Септември 2010 - Помлад асистент по предметите: Медицинска статистика, Кариологија, Анатомија, Морфологија на вилици и заби и Фармакологија при Факултетот за стоматологија при ЕУРМ-Скопје.
- Февруари 2007 - Август 2008, активна работа во приватна ординација по стоматолошка протетика „ЛИДИМ“, Крушевац, Република Србија
- Февруари 2007 – Август 2007 - Волонтер во Здравствен дом – Битола, Клиника за орална хирургија.

## 2.ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ И НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

- Радевска Е., Стојаноска М., Тренчевска О., Алексовски В. „ Релација помеѓу активноста на саливарната алкална фосфатаза и DMFT индексот" - Зборник на трудови, 5-ти Конгрес на лекарите по стоматологија на Р. Македонија 2009

- Дејаноски К., Дејаноска С., Радевска Е., Стојаноска М. „Евалуација на методите на Willis и на Бојанов кај нашата популација" - Европски Универзитет – Република Македонија, Годишник на трудови, 989- 996, 2009

- Николовски Б., Марков Ј., Стојаноска М., Радевска Е., Дејаноска С., Стаменковска М. „Епидемиолошки осврт: 30 години со бруцелозата" Европски Универзитет – Република Македонија, Годишник на трудови, 997- 1008, 2009

- Certificate for participation in the training course: Management of security related R&D in support of defence industrial transformation, funded by NATO Science for Peace and Security Programme, Јуни 2009

- Објавена статија во информативен гласник на ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО – ШТИП, декември 2011 година со наслов „Пирсинг во орофацијалната регија – поставување и компликации"

- „Overview of The Common Methods for Registration of Occlusal Contact" - Research Journal of Pharmaceutical, Biological and Chemical Sciences; ISSN 0975-8585; Vesna Korunoska-Stevkovska1*, Jelena Jovanovska2, Elena Radevska Razmovski3, Aneta Mijoska4, Emilija Bajraktarova Valjakova5, Natasha Stavreva6, Blagoja Dastevski7and Biljana Evrosimovska8.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на д-р Елена Радевска - Размовски се гледа дека кандидатот има определен образовен научен развој и ги исполнува условите барани во конкурсот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во нејзините трудови, Рецензентската комисија, со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да ја избире д-р Елена Радевска - Размовски како стручен соработник од областа „Протетика".

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Владо Ванковски, претседател

______________________________

2. Доц. д-р Катерина Василева Гешоска, член

______________________________

3. Доц. д-р Соња Вујасин, член

______________________________